Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општа седница со која претседаваше Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Африм Фидани, одржана на ден 30.09.2025 година, согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите и член 63 став 1 од Деловникот за работа на Врховен суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по иницијативата за донесување на начелен став и начелно правно мислење, поднесена од адвокат Јосиф Филиповски од Скопје, заведена под СУ-03.бр.354/25 од 21.05.2025 година, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

Иницијативата за донесување на начелен став и начелно правно мислење, поднесена од адвокат Јосиф Филиповски од Скопје, заведена под СУ-03.бр.354/25 од 21.05.2025 година, **НЕ СЕ УСВОЈУВА.**

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите,(„Службен весник на РМ“ бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), Општата седница на Врховен суд на Република Северна Македонија, на ден 30.09.2025 година расправаше по барањето за донесување на начелен став и начелно правно мислење поднесена од адвокат Јосиф Филиповски од Скопје, заведена под СУ-03.бр.354/25 од 21.05.2025 година.

Во иницијативата се предлага Врховниот суд на Република Северна Македонија да донесе начелен став и начелно правно мислење. Подносителот образложува дека ова е потребно затоа што постои невоедначена примена на законската одредба од член 233 став 2 од Законот за трговските друштва.

Одлуките кои се приложени не укажуваат на постоење неединствена примена на законите, ниту за невоедначена пракса во примена на законите од страна на судовите, туку се работи за примена на цитираната законска одредба. Тоа укажува дека не постои неединствена примена, ниту невоедначена пракса во примена на законите од страна на судовите.

Во иницијативата не е наведена, ниту приложена различна судска пракса и всушност од страна на подносителот се бара мислење за примена на наведената законска одредба.

Исто така подносителот на барањето нема доставено други судски одлуки од кои може да се утврди дека станува збор за неединствена примена на законите и невоедначена пракса во примена на законите од страна на судовите.

Во член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите е определено дека Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општа седница утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството со примената на законите од страна на судовите во рок од три месеци, но не подолго од шест месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива на адвокати и ги објавува на веб страницата на Врховниот суд на Република Македонија.

Во смисла на цитираната законска одредба Општата седница на Врховен суд на Република Северна Македонија, постапувајќи по наведената иницијатива, оцени дека во конкретниот случај не произлегува потреба да се утврди начелен став и начелно правно мислење бидејќи нема неединствена примена на законите ниту невоедначена примена на законите, поради што донесе Заклучок со кој иницијативата не се усвојува.

**ОПШТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**